85

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на општина Гази Баба ја донесе следната

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-2968/11
08.06.2023 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1. По јавниот оглас број 116/2023 за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба објавен во дневните весници, „Вечер" „Нова Македонија" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на кандидати на работното место Советник за водење на постапка во спроведување на урбанистички планови, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам и градежно земјиште -1 извршител се избира

**- Снежана Зарева**

2. Именуваниот-та ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

На ден 03.05.2023 година во дневните весници, „ Вечер ", „Нова Македонија" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на државен службеник во Општина Гази Баба за работното место Советник за водење на постапка во спроведување на урбанистички планови, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам и градежно земјиште -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-937/3 од 04.05.2023 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисија спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под бр. 10-937/4 од 18.05.2023 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-937/5 од 29.05.2023 година

На ден 01.06.2023 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-937/6 од 01.06.2023 година.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Секретарот на општина Гази Баба доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-937/7 од 01.06.2023 година.

Согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022) Секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови 1,3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Секретарот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и проговори на административните службеници во втор степен.

**Доставено до :**
**-кандидатот**
**-Агенција за администрација**
**-персоналното досие**
**-архива**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Секретар**
**Невенка Стаменковска Стојковски**

Изготвил:
Сања Димовска
Одобрил
Влатко Лакордов